**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,48 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе продолжиме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се во Собранието, а кои не влегле во салата, да влезат во салата, за да можеме да започнеме со заседанието.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со работа по 94-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Кенан Хасипи, Хади Незири, Марјан Додовски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Владо Бучковски, Лазар Китановски, Есад Рахиќ, Фијат Цаноски, Тито Петковски, Љубчо Георгиевски, Иван Стоиљковиќ и Даут Реџепи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, со Предлог на закон**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во присуство на 62 пратеника, гласале 60 пратеника, за гласале 59, воздржани нема, против гласал 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, сите 59 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правна комисија поднесе амандмани на член 9 став 1 и на член 13 за додавање два нови ствови 3 и 4 по ставот 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска поднесе амандмани за бришење на членовите 3, 15 и 41; член 6 став 1; член 9 за додавање два нови ставови пред ставот 1; член 10; за додавање нов член 10-а по членот 10; за додавање нов член 14-а по членот 14; член 18 став 1; член 19 став 2 и на став 4 на новиот став 9; член 20 на новиот член 77-б став 1; за додавање нов член 23-а по членот 23; за додавање два нови членови 24-а и 24-б по членот 24 и за додавање нов член 39-а по членот 39, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Претседателе, Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи оваа одредба во законот е вградена токму по барање на извршителите и банките за да се спречи злоупотребата на наплатувањето на побарувањата од доверители кои во меѓувреме престанале да постојат.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 62 пратеника, за гласаа 17, воздржано 1, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи очигледно не е сфатена смислата на предложениот член, а таа дилема мислам дека е расчистена во расправата на Комисијата за политички систем и Законодавно-правна комисија.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 13, воздржано нема, против гласале 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање два нови ставови пред ставот 1, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа и овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа и овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 14, воздржано 2, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман.

Според тоа текстот на овој амандман станува составен дел на текстот од законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 10-а по членот 10, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи се работи за сосема ново решение со кое нема соодветно решение во законот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, за гласале 13, воздржани нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 14-а по членот 14, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи се работи за сосема нови решенија кои не се содржани во текстот на Предлогот на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, за гласале 9, воздржано нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 15, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман, од истите образложенија како претходниот амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, за гласале 9, воздржано нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи ако се прифати амандманот би се довело во прашање уставно загарантираното право на граѓанинот за неповредливоста на станот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, за гласале 8, воздржано нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2 и на став 4 на новиот став 9, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, за гласале 9, воздржано нема, против гласале 48.

Ги повикувам службите да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволен број)

Гласањето не беше валидно, ќе прегласаме.

Ги молам пратениците кои не се во салата да влезат во салата.

Ве молам службите уште еднаш да пребројат, ние нешто друго броење имаме, па да се усогласиме.

Имаме 61 пратеник.

Бидејќи го прогласивме гласањето за невалидно, уште еднаш да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, за гласале 9, воздржано 1, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 на новиот член 77-б став 1, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман.

Според тоа текстот од овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 23-а по членот 23, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, за гласале 10, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови членови 24-а и 24-б по членот 24, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи се работи за сосема нови решенија кои не се содржани во Предлогот за донесување на законот..

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, за гласале 9, воздржани нема, против 46.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 41, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, господинот Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 10, воздржани нема, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги пратеници, ќе се обидам накратко да ги истакнам и јас моите мислења во однос на предложениот текст. Ќе се обидам да бидам краток и јасен.

Ќе почнам со членот 3 од понудениот текст, каде што се предвидува како извршен документ во иднина да не бидат документите кои се верифицирани со нотарски акт, како што се оние кои се издадени од адвокатите, нормално со овластување.

Имајќи го предвид фактот дека настојувањето или тенденцијата на нашиот правен систем е сепак судските органи полека, или пак некои овластувања од судските органи да се трансферираат или пренесат на другите органи, како што беше случајот вчера со Законот за вонпарнична постапка, каде во наследна процедура некои од овластувањата се предвидува да се пренесат кај нотарите. На крајот на краиштата сакам да кажам и тоа дека, на пример во некои закони кои денес се активни во земјите на Европската унија, се дозволува такви документи да бидат и документите кои се верифицирани и издадени од страна на адвокатите, како што е Законот за извршување на Словенија.

Мислам дека во членот 3, оваа одредба која се додава, во членот 19 од главниот текст на законот, можеби не е добро да се предвиди како таква.

Членот 13 од понудениот текст каде се предвидува можноста во иднина како заменик да не биде, всушност, секој извршител. Јас го сфаќам предлагачот, можеби е добро да биде вака, но сепак кога се има предвид еден друг факт дека бројот на правниците кои ги исполнуваат условите за да бидат извршители, е многу мал. Мислам дека во моментот ќе беше подобро да не се прави оваа измена, иако, искрено да ви кажам и јас можеби би се согласил и заменикот на извршителот да ги исполнува условите кои се предвидуваат во основниот текст на законот.

Понатаму, во членот 27 од понудениот текст каде, иако се заменува еден збор, како што е зборот “акција”, со поширок поим, мислам дека во моментот треба да се имаат предвид некои факти дека хартиите од вредност, или пак поимот хартии од вредност предвидува многу широка категорија која во себе опфаќа неколку улоги, кога се има предвид фактот дека улогата на акциите е сепак да им овозможи на имателите, на сопствениците, не само да бидат учесници во управувањето со акционерските друштва, пред се само овие здруженија и може да емитуваат акции, туку и во учество во дивидендата. Ние имаме акции од вредност кои имаат сосема поинакви улоги, како што е на пример улогата на Омбудсманот, или пак да не спомнам други хартии од вредност кои имаат облигаторна улога или карактер. Мислам дека во моментот оваа замена не би била добредојдена.

Истото се случува и со членот 32 од текстот на законот каде мислам дека е предвидена одредба која по мое мислење го оптоварува текстот затоа што се знае дека родажбата или купувањето на хартии од вредност каде може да се прави. Затоа мислам дека на оваа одредба местото не и е тука. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Од техничи причини, амандманот 13 го испуштивме, па дозволете да го поминеме и него.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 39-а по членот 39, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, господинот Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 12, воздржани нема, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување.

Давам пет минути пауза за пререгистрација.

(Седницата прекина во 12,15 часот)

(По паузата)

Ги повикувам координаторите на сите пратенички групи на 10 минутна координација во Уставната сала.

(Координацијата траеше до 15,00 часот)

**Бесим Догани:** Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи сеуште не создадовме услови за продолжување на седницата, тука ја прекинувам седницата, а за утрешната седница ќе бидете дополнително известени.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,00 часот)